**20182244017**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.12.218 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/18, 29/18, 85/18, 117/18, 139/18, 150/18, 160/18, 172/18 и 188/18) во член 2 став (2) во табелата по подмерката 1.4. се додава нова подмерка 1.4-а. која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.4-а. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за произведена и предадена оризова арпа во регистрирани откупувачи | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со ориз и се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба и оствареното производство на оризова арпа од род 2018 година да е предадено на регистриран откупувач или во сопствениот преработувачки капацитет запишан во Регистарот на откупувачи, за количините кои се произведени и предадени во период од 1 октомври до 25 декември 2018 година, кои не надминуваат 5,5 тони по хектар;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 5 денари по килограм. |

Член 2

Во членот 4 во точката 3 зборовите: „1.7., 1.10., 1.10-а., 1.12-а., 1.20. и 1.21.“ се заменуваат со зборовите: „1.4-а, 1.7., 1.10., 1.10-а., 1.12-а., 1.20. и 1.21.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10786/1
4 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.